ЌОР - ЗБОР
**ИЏЕТ МЕМЕТИ**



ПРАВДАТА СЕКАДЕ Е БАВНА, НО МАКЕДОНИЈА СИГУРНО Е ЕДЕН ОД ШАМПИОНИТЕ.

ЌОР - ЗБОР
**ТАТЈАНА ПЕТРУШЕВСКА**



ПРЕТЕРАНАТА САМОУВЕРЕНОСТ Е ЛОША ОСОБИНА, НО УШТЕ ПОЛОША Е РАЗМЕТЛИВОСТА.

## ЛЕЛЕЕЕЕЕ...ЛЕЦ - БОМБИЦИ

- Сѐ повеќе сфаќаме дека улицата ни е единствено решение. Ни остана само да просиме.
- Не е време за обновување на комунизмот. Сѐ уште сѐ не е урнато.
- Никој не ги издаде националните интереси. Такво нешто кај нас не постои.
- Кога државниот брод тоне, глувците скокаат во јахти.



ЈАС СУМ ЧЛЕН НА МАКЕДОНСКАТА БРИСЕЛСКА ДЕЛЕГАЦИЈА!

## ВИЦОТЕКА

На новопоставениот споменик на Јосип Броз во Битола се приближил еден човек и почнал гласно да кука:

- Е, мој Тито, останавме голи и боси, немаме за леб, а камоли за со леб.

Го слушнал чуварот на паркот и веднаш се задал да го избрка да не го погани новиот споменик.

- Среќа твоја што немам куршуми, сега ќе ти свирнев еден.
- Ете, друже Тито до каде ја дотуркавме работата. Државата нема ниту за куршуми.

**МАКЕДОН**




БРАНКА и МИРО